Акционерско друштво
ЕВРОИНС
ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0202-1729/6
14.09. 2020 год.
СКОПЈЕ

**Акционерско друштво**
**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ**
**Скопје**

Врз основа на член 385 став (1) и (2) и член 387 од Законот за трговските друштва, а согласно член 36 став (1) и (2) и член 37 од Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Одборот на директори на Друштвото на состанокот одржан на ден 14.09.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за свикување на Вонредно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година

**Член 1**

Се свикува Вонредно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година.

**Член 2**

Вонредното собрание на акционерите ќе се одржи на ден **19.10.2020 година (понеделник) во 10:00 часот,** во Скопје, во седиштето на Друштвото, на ул.„Скупи“ бр.12, Скопје - Карпош.

**Член 3**

За седницата на Вонредното собрание на акционери се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието:
   - Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
   - Избор на Претседавач на Собранието;
   - Избор на записничар на Собранието - Именување на Нотар за водење на Записникот на Собранието.

**II. Работен дел**

1. Предлог Одлука за измена на Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје бр.0201-745/8-1 од 26.03.2019 година.

**Член 4**

(1) Седницата на Вонредното собрание на акционери се свикува согласно одредбите на Законот за трговските друштва преку објавување на Јавен повик.

(2) Се овластува Извршниот директор да го изготви и објави Јавниот повик за свикување на Вонредното собрание на акционери на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година, согласно одредбите на оваа одлука и Законот за трговските друштва.

**Член 5**

Оваа Одлука заедно со Јавниот повик од член 4 да се објават на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**14.09.2020 година**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
**Велислав Милков Христов**

Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје